Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Бр. 0801-119/5
09.07.2021 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставка бр. 0801-119/1 од 15.06.2021 поднесена од [redacted], преку претседателот [redacted] за сторена дискриминација, врз основа на раса, боја на кожа, национална или етничка припадност, припадност на маргинализирана група, имотен статус или друг основ од страна на градоначалникот на Општина Струга, Рамиз Мерко. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 09.07.2021 г. го донесе следново:

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на раса, боја на кожа, национална или етничка припадност, припадност на маргинализирана група, имотен статус или друг основ.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 15.06.2021 година, беше доставена претставка од страна на [redacted], преку претседателот [redacted] против градоначалник на Општина Струга, Рамиз Мерко.

Во претставката на [redacted], преку претседателот [redacted] е наведено дека во месец јуни 2021 г, градоначалникот на Општина Струга Рамиз Мерко, во јавноста преку медиум изјавил со закани и најавил депортација на луѓе кои питачат и собират старо железо на подрачјето на Струга и тоа:

*,,Бројот на оние кои доаѓаат тука да питачат е навистина голем. Ги има од речиси целата држава. Ниеден не е од Струга. Доаѓаат организирано од други градови. Мажите собираат старо железо и децата се на улица и бараат пари. Навистина се досадни за граѓаните кои седнале да пијат кафе, ручаат или да јадат благо или да прошетаат по градот. Сите се вознемирени со оваа ситуација. Заседовме став, одредивме и простор каде ќе ги задржиме 24 часа, Секако, децата не смеееме по закон но родителите смееме и ќе ги депортираме од каде што дошле, за да го намалиме бројот на питачи во Струга"*

Подносителот во преставката наведува дека согласно чл. 50 од Законот за локална самоуправа, градоначалникот нема такви овластувања, да депортира и протерува граѓани. Дискриминаторската изјава на градоначалникот се заснова во повикувањето да не им се дава пари на питачи како социјална ранлива категорија на граѓани и таквата изјава е спротивно на член 140 од Кривичниот законик како кривично дело за противправно лишување од слобода. Содржината на изјавата е санкционирана во чл 417 во Кривичниот законик, и чл 4 т. 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и чл. 8 ст 1 од истиот закон и е спротивно на Европска чл. 14 и чл 1 од протоколот бр. 12 кон Конвенцијата.

На 15.06.2021 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави известување бр. 0801-119/2 до градоначалникот на општина Струга - Рамиз Мерко со барање за писмено произнесување по наводите во преставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето.

На 01.07.2021 г. од страна на градоначалникот на општина Струга - Рамиз Мерко, до Комисија за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор, со следната содржина: "*нема дискриминација во изјавата, нема упатеност кон ниедна, верска, етничка или национална заедница. Што се однесува до депортацијата сметам дека е упатена до Министерство за внатрешни работи како орган кој е надлежен за легитимирање и движење на лица кој се дојдени во градот да питачат. Жалам ако некој се почувствувал навреден и барам извинување од страните кој се препознале во мојата изјава. Мојата должност како градоначалник е да ги штитам интересите на сите граѓани во општина Струга независно од која категорија, националност или верска припадност се*".

По приложената аргументација во преставката, Комисијата за спречување и заштита од Дискриминација заклучи дека **СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** како што е наведено во диспозитивот. Од содржината во изјавата се заклучи дека градоначалникот Рамиз Мерко на свесен и целесообразен начин упатува порака за депортирање на граѓани, со социјален статус: ,,*питачи*", ,,*собирачи на железо*" и ги третира како ,,*досадни*", со тоа створил чувство на навреда, несигурнсот и ширење говор на омраза, кое ги прави селектирани во јавноста.

Имајќи предвид дека согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминаиција **дискриминација** е: "*Секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување,што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување насоодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите*", Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на ден 08.07.2021 г, на седница одлучи како во диспозитивот на ова мислење- **се утврди вознемирување,** поради упатена изјава на градоначалник, за депортирање на граѓани со социјален статус: ,,питачи", ,,*собирачи на железо*" и ,,*досадни*". Согласно член 10 од истиот Закон, "***Вознемирувањето** претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина,пристап или практика*".

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 21 став 1, точка 1 и точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација со цел заштита и превенција од ширење на нееднаков третман на граѓаните, ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

Имајќи во предвид дека функцијата градоначалник е јавна функција, неговите изјави имат допир до голем број граѓани, вклучувајќи ги и граѓани кој се препознават во намерата на градоначалникот што предизвикува дополнителна тежина на вознемиреност.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација чл.21 ст.1 т.14 носи препорака за одстранување на вознемирувањето од страна на градоначалникот на општина Струга - Рамиз Мерко, со извинување во јавноста, упатено до граѓаните со наведениот социјален статус: ,,питачи", ,,собирачи на железо" и ,,досадни", во најмалку 3 ( три ) јавни медиуми, како што самиот навел во неговиот одговор испратен до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно, чл.21, ст.1, т. 17 од Законот за спречување и заштита од дискриминаицја, ги следи препораките до посочените дискриминатори, се до нивно исполнување дадени од Комисијата.

Со почит,

Изготвил: Лимко Бејзароски

**Член** на Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Скопје
09.07.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
**Весна Бендевска**

Доставено до:

- Општина Струга- Градоначалник Рамиз Мерко, Плоштад „Мајка Тереза ББ-Струга
- [redacted]